0201-
30.05.2024

Точка 3
35-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2024

***<u>Предлог</u>***

Врз основа на член 25 став 1 точка 8 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 8 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 35-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2024 година**

**Член 1**

Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2024 година.

**Член 2**

Се овластува Главниот извршен директор на ОКТА АД – Скопје со Ревизорската куќа од член 1 на оваа Одлука да склучи писмен договор со кој ќе ги регулира останатите прашања битни за извршување на довереоната ревизија, износот на надоместокот и сите битни точки за обезбедување на доверливост.

**Член 3**

Дирекцијата за финансии и администрација е одговорна за спроведување на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 478 став 1 точка 1 од Законот за трговските друштва (ЗТД), сите големи и средни трговски организирани како акционерски друштва, се подведуваат под ревизија, а нивните финансиски извештаи ќе бидат ревидирани. Согласно член 479 став 1 од ЗТД, финансиските извештаи не може да бидат одобрени, ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија. Согласно член 479 став 3 од ЗТД, овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата.

Согласно член 383 став 1 точка 8 од ЗТД, член 479 став 2 од ЗТД и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на Друштвото, назначувањето на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, е во надлежност на Собранието на акционери.

Пред да го даде предлогот до Собранието за назначување на ревизор, Одборот на директори ја разгледа долгогодишната и успешна соработка со предложениот ревизор, друштво кое применува високо ниво на професионализам и кое располага со квалификуван и искусен кадар. Репутацијата на друштвото е исто така земена предвид, а со оглед на тоа што ревизорот е поврзан со еден од припадниците на таканаречената „голема четворка“ на ревизорски друштва во светот, оценето е дека ревизорот е погоден за друштво со големина на ОКТА. Одборот на директори, исто така, ги разгледа информациите добиени од раководството на Друштвото и од Дирекцијата за финансии и администрација, кои произлегуваат од досегашното искуство што друштвото го има, а според кои тимот на предложениот ревизор поседува вештини и личности кои се интегрирани ефикасно со оние на финансискиот и менаџерскиот тим; дека ревизорот покажал вистинско разбирање за бизнисот и индустријата на Друштвото, давајќи ги вистинските забелешки и коментари, без да биде генерички; дека имаат алатки и експертиза за правилно да ја проценат рамката на внатрешната контрола; и дека ја докажале својата способност јасно да комуницираат со раководството и со тимовите вклучени во ревизијата, со цел секој да биде свесен каде и како да се подобри. Последно, Одборот на директори го имаше предвид и трошокот, кој е оценето дека е на фер пазарно ниво.

Имајќи ги предвид горенаведените фактори, на својот 213-ти состанок одржан на ден 26.04.2024 година, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје (целосен назив: Друштво за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје) да се назначи за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2024 година.